# CREMATION BURIALS FROM THE ARCHAEOLOGICAL SITE OF GROBANA - VINICA

**Boshko Angelovski**
Institute of Old Slavic Culture – Prilep
boshko.angelovski@isk.edu.mk

**Blagica Stojanova**
Museum "Terracotta" - Vinica
bageleo@gmail.com

**Magdalena Manaskova**
National Institution Archaeological Museum of RN Macedonia
magdalenamanaskova@amm.org.mk

**Julijana Ivanova**
Museum "Terracotta" - Vinica
julijanai@yahoo.com

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

During the archaeological excavations in 2009 and 2010 on the site Grobana, near the city of Vinica, in the frame of the Tumulus I, several Roman cremation burials have been found. According to their constructions, four grave types can be identified. In the northwestern part of the tumulus on the bigger surface thick layer of burning was found which indicate that the cremation was performed on the ustrina. Characteristic appearance of these archaeological findings are the handmade ceramic vessels that are enriching the picture of these types of necropoleis, most present of the line of the eastern border of our country. Those vessels can be interpreted as a need of the local population to keep their cultural identity during the process of Romanization in these conservative areas. According to the numismatic material, the necropolis can be dated between II – IV century AD.

**Keywords:** Grobana, necropolis, cremation, ustrina, handmade pottery.

**Theme/s:** Roman archaeology, Necropoleis, Roman Macedonia, Ancient identities.

**Бошко Ангеловски,**

Институт за старословенска култура - Прилеп

boshko.angelovski@isk.edu.mk

**Магдалена Манаскова**, археолог

magdamanaskova@gmail.com

**Благица Стојанова**, Музеј Теракота - Виница

bageleo@gmail.com

**Јулијана Иванова**, Музеј Теракота - Виница

julijanai@yahoo.com

# ПОГРЕБУВАЊА СО КРЕМАЦИЈА ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ГРОБАНА – ВИНИЦА

На три километри ј/и од Виница се наоѓа месноста Грнчарка чие име произлегува од присуството на глина, од којашто со хемиска анализа е потврдено дека се изработувале теракотните икони откриени на Виничко кале (Tanevska, Kuzmanovski, Grupče 2007). Во рамки на месноста, со археолошки рекогносцирања во текот на 2009 година евидентиран е локалитет со повеќе археолошки наоѓалишта кои не се регистрирани во Археолошката карта на Р. Македонија. Со оглед дека поголем дел од површината претставува обработилво земјоделско земјиште во приватна сопственост, истражувањата се концентрирани во делот од месноста наречен Гробана, каде што месното население низ минатото при обработка на земјата откривало траги од погребувања, од каде потекнува и името на локацијата. Низ овој предел поминувал и патот Астибо – Партикопол којшто од Виница одел преку Осојница до преслапот Обозна, контролиран од утврдувањата кај Градец и Липец (сл. 1) (Нацев 2013).




**Сл. 1**

Археолошките истражувања на некрополата се вршени во текот 2009 година и 2010 година. Двата тумули коишто беа предмет на истражување се релативно оштетени, особено во централните делови, од диви копачи во потрага по артефакти.



**Сл. 2**

Во првата археолошка кампања во 2009 година е истражен тумул I којшто е со пречник од 15 м. и висина од 2 м. (сл. 2). На почетокот на истражувањата беа евидентирани два празни гроба од типот цисти, којшто се карактеристични за периодот на полното железо во делот на долината на р. Брегалница (сл. 3, 4 и 5) (Митревски 1997). Со почетокот на истражувањата беше дефиниран контролен профил во правец на оската И – З со којшто се откри уште еден гроб од типот циста, како претходните два. Гробот е ограден со шест правоаголни плочи од делкан камен без

покривна конструкција, а врз кафената земја со која е исполнета цистата имаше положено три кршени камења.







**Сл. 3** **Сл.4**




**Сл. 5**

Дното е од делкана карпа во две нивоа. Димензиите на гробната јама се 1м. x 0.45м. x 0.46 м. Ориентацијата е С/И – Ј/З. Со оглед на неговите димензии може да се претпостави дека се работи за детски гроб. Во гробната јама нема траги од остеолошки материјал, а беше откриена една биконична перла изработена од тенка жица и еден фрагмент од стомак од рачно работен керамички сад. Со расчистување на хумусниот слој се откри насипување од аморфни

камења, а во истата фаза беа забележани помали насипувања, исто така од аморфни камења, со заедничка карактеристика, употреба на бел речен камен во функција на маркер и поголем делумно обработен плочест камен. Во рамките на тумулот беа откриени 17 гробови со кремација од коишто само пет имаа елементи за идентификација на гробните конструкции и содржеа наоди (сл.6).



**Сл. 6**

КАТАЛОГ НА ГРОБОВИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД

Гробот (Сл.7) е во вид на плитка јама вкопана во карпа со нагорено дно со димензии 1.45 м. x 0.95 м. Јамата била покриена со една поголема правоаголна камена плоча, повеќе кршени камења со средна големина и еден бел речен камен. Гробот е со ориентација СИ/ЈЗ. Остатоците од кремираниот покојник биле секундарно положени директно врз карпата. Во рамки на гробот, поточно во Ј/И дел беа откриени еден железен едносек нож, пет метални клинчиња од обувки и една керамичка перла.




**Гроб 1 - Сл. 7**




**Гроб 4 - Сл. 8**

Гробот (Сл.8) е во вид на подлабока правоаголна јама вкопана во карпа, со нагорено дно, во која била положена урна во која биле сместени остатоците од кремираниот покојник. Гробната јама била покриена со две камени плочи и повеќе кршени камења со средна големина, како и еден бел речен камен. Димензиите на гробот се 0.84 м x 0.62 м. Ориентацијата е И – З. Во рамки на гробната јама беше откриен уште еден фрагмент со обод од сиво печена керамика, еден фрагмент од стомак од помал керамички сад, фрагмент од паница и метална игла.

Гробната конструкција (Сл.9) е од типот циста со две правоаголни камени плочи вкопани во карпа. Јамата е покриена со тегула којашто е релативно оштетена. Димензиите се 0.40 м. x 0.32 м., а ориентацијата на гробот е Ј/И – С/З. Во гробната јама има само мали траги од горење и нема остатоци од остеолошки материјал. Од гробните прилози беа откриени еден фрагмент од обод, два фрагмент од стомак од керамички садови и фрагмент, механизам за закопчување од алка или ѓердан.




**Гроб 5 - Сл. 9**

Гробот (Сл.10) е во вид на плитка овална јама, делумно вкопана во карпа, со нагорени ѕидови, со димензии 1.24 м. x 1.1 м. со ориентација С – Ј. Остатоците од кремираниот покојник биле секундарно положени во јамата во којашто има траги од интензивно горење со дебелина од 30 см. Од гробните прилози беа откриени два фрагменти од керамички сад, керамички пршлен, метални клинци и бронзена фибула.




**Гроб 8 - Сл. 10**



**Гроб 10 - Сл. 11**

Гробната конструкција (Сл. 11) е изведена од две тегули, вертикално поставени и вкопани во карпа, а покривната конструкција е оштетена.

Димензиите на гробот се 0.95 м. x 0.39 м. со ориентација С/З – Ј/И. Гробната јама е сосема малку нагорена без траги од остеолошки материјал. Од гробните прилози беа откреини два фрагменти од керамички сад.

Гробот (Сл.12) е пресечен и нема индиции за опис. Како гробен прилог беа откриени фрагменти од керамички сад – скифос.

Во северозападниот дел од тумулот на поголема површина беше откриен дебел слој од горење што може да упатува на устрина, местото каде што биле горени покојниците пред нивното полагање во гробните јами.







**Гроб 11 - Сл. 12** **Сл. 13**

Како потврда на претпоставката дека покојниците биле кремирани на спалиште – устрина може да се земе и димензијата на самите гробови, со оглед дека доколку се работи за бустум, гробните конструкции би требало да бидат многу поголеми, односно над 2 метри во должина, за да може кремацијата да се изведе во самиот гроб, што пак не може да биде случај со гробовите од Гробана чија димензија кај најдолгата гробна конструкција не надминува 1.5 м. (Сл. 13). ( Floca 1940; Miacrea 1957; Garašanin 1968).

ТУМУЛ II

Тумулот е со пречник од 10 метри и висина од 2.25 метри. Во централниот дел којшто е релативно оштетен видливи се две поголеми дупки, едната во самиот центар со димензии 2.20 x 1.30 м., а втората во југозападната четвртина со димензии 1.60 x 1.40 м. Во југоисточната четвтина на тумулот беше идентификуван прстен изведен од делкани камени плочи коишто продолжуваат и кон североисточната четвртина, а се губат во северозападниот дел од тумулот. Под хумусниот слој беше откриено насипување од црвена земја со крупен камен, под коешто имаше насипување од ситен камен. Во С/З четвртина на тумулот беше откриена монета, која воедно претставува и

единствен наод од истражувањата, со оглед дека не беше откриен друг археолошки материјал (Сл. 14).



Сл. 14

КЕРАМИКА ( Т I)

Керамиката е застапена со шест садови од коишто повеќето беа во фрагменти и дополнително козпервирани и реконструирани, по што е направена и нивна типолошко идентификација.

Во рамките на гробот 4 беше откриена урна во фрагменти, истата беше реконструирана. Изработена е од црвеникава печена глина, со топчеста форма, две хоризонтални рачки поставени на стомакот на садот, со кружен пресек. Ободот е извлечен кон надвор, а дното е вдлабнато. Од истиот гроб потекнува еден рачно рабтоен сад – чаша, од  темно кафена глина, со една вертикална рачка и две помали брадавичести рачки, дното е рамно. Најблиска аналогија овој сад има со еден примерок од некрополата Гуштерова чука на локалитетот Црвено Поле – Струмица (Sekulov, Jovanov 2007).  Во рамките на гробот беше откриен фрагмент од подлабока чинија, која

е конзервирана и целосно реконструирана. Изработена е од непрочистена глина, со примеси на мика и ситни камчиња, со траги од горење кои упатуваат дека садот горел заедно со покојникот на кладата. Има конусно тело, а ободот е извлечен кон надвор. Во рамките на гроб 8 беше откриен керамички пршлен од разбој. Еден скифос во фрагменти, подоцна реконструиран, беше откриен во рамките на гробот 11, којшто е пресечен и нема елементи за опис. Скифосот е од сиво печена глина, на ободот има декорација во вид на врежани хоризонтални линии, рачките се со кружен пресек, а ногата е прстенеста. Фрагменти од мала паница, рачно работена, која беше целосно реконструирана беа откриени во гробот 10. Изработена е од окер печена, непрочистена глина, со примеси на мика. Како површински наод при истражување на тумул 1 беше откриен фрагмент од чинија којашто е целосно реконструиррана. Истата е изработена од црвено печена глина со траги од премаз. Во глината има примеси од мика. Исто така беа откриени фрагменти од рачно работени садови со декорација на дното во вид на врежани линии. Керамичката продукција од некрополата Гробана во основа ги следи формите карактеристични за локалната римска продукција, коишто се среќаваат и во рамките на гробовите со кремација од локалитетот Коколов Рид, којшто се наоѓа во непосредна близина. Посебно внимание привлекуваат рачно работените садови, особено познатите од овој период т.н. жртвеници, коишто најверојатно ја рефлектираат потребата од зачувување на традиционалните вредности на една поконзервативна средина во рамките на процесот на романизација во периодот на раното царство.

НАКИТ И МЕТАЛНИ ПРЕДМЕТИ (Т II)

Предметите од метал од истражените гробови на локалитетот Гробана се застапени со два фрагменти од едносек нож со димензии 17 x 2.5 x 0.8 см. Сечивото на ножот е лачно завиено кон внатре, односно конкавно и со оглед на димензиите најверојатно имал утилитарна функција (Sekulov, во печат). Металните заковки од обувки се застапени во два гроба и тие се чест наоди во гробовите со кремација, со оглед дека покојниците биле спалувани со нивните обувки, но се релативно оштетени со оглед дека гореле на кладата. Вакви заковки од обувки се откриени и во погребувањата со кремација од локалитетот Коколов Рид (Ангеловски, манаскова, Стојанова 2021), како и од локалитетот Црвено Поле. (Sekulov, Jovanov 2007). Четири

бронзени алки, од кои две се меѓусебно поврзани со лемење, се откриени при истражување на устрината. Меѓу предметите од накит најрепрезентативна е фибулата којашто припаѓа на типот изразено профилирани фибули (Jovanovič 2010), со две прстенести испакнувања на лакот, на крајот на ногата има задебелување во вид на копче, пружината е во вид на спирален навој, а делот за закопчување на иглата е откршен. Фибулата има најблиски аналогии со типот 14/A1, чија продукцијата се врзува за просторот на Горна Мезија од периодот на крајот на I до првата половина на III век, а во помал обем присутни се и во текот на втората половина на III век. Врз основа на присуството на овој тип на дунавскиот лимес тие се врзуваат за римската војска, иако наодите во гробен контекст во детските и женските гробови не оди во прилог на претпоставката (Soció 2004, Petkovič 2010). Кон оваа категорија припаѓа и еден фрагмент од системот на закопчување за којшто може да се претпостави дека е од ѓердан или алка, една метална игла, како и една керамичка сферична перла.



**Сл. 15**

Нумизматичкиот материјал (Сл.15) се состои од две монети откриени надвор од гробен контекст. Едната е релативно оштетена и е идентификувана како денар од I – II век, додека другата е нумус на Константин I, 320 – 334.

Врз основа на монетите може да се претпостави дека римските погребувања со кремација хронолошки припаѓаат на периодот од II до првата половина на IV век.

ГРОБНИ ФОРМИ

Со оглед на фактот што тумулот бил цел на нелегални активности при коишто во голема мера бил уништен со прекопување, особено во централниот дел, од вкупно 17 идентификувани гробови со кремација подетални информации во смисла на гробната конструкција може да се даде само за петте гробови во кои е откриен археолошки материјал. Во тој контекст врз основа на гробната конструкција можат да се издвојат четири типови на гробни форми:

- гробови во вид на плитка јама со правоаголна и елипсовидна форма, делумно вкопани во карпа, каде што остатоците од покојникот биле положени на дното од јамата и покриени со аморфни камења;
- гробови во вид на подлабоки јами вкопани во карпа, во коишто остатоците од покојникот биле положени во урна;
- гробови од делумно обработени камени плочи вкопани во карпа со покривна конструкција од една тегула;
- гробови вкопани во карпа, со странично поставени тегули и оштетена покривна конструкција.

Како една карактеристика на некрополата, односно истражените гробови е употребата на маркери од бел речен камен, поставени врз насипите од помали аморфни камења. Во поглед на аналогиите, најблиски се погребувањата од локалитетот Коколов Рид (Ангеловски, Манаскова, Стојанова, 2021), како според гробните конструкции и содржината на гробните прилози, така и во поглед на почитувањето на постарите погребувања, во случајот гробовите, цисти од периодот на полното железено време. Уште една аналогија од нашата земја е и некрополата на локалитетот Црвено Поле – Струмица (Sekulov, Jovanov 2007), како и на локалитетите Отошница и Криво Крувче, с. Ранковце коишто до сега не се обработени. Во поглед на начинот на спалување, може со поголема сигурност да се констатира дека истото било на устрина, која беше откриена и истражена, а во прилог на тоа говори и големината на гробовите, коишто во никој случај не би можеле да се дефинираат како бустуми (Wells 1960; Golubovič 1998). Сепак со оглед на остатоците од горење на устрината, односно дебелината на слојот, може да се претпостави дека истата не била долго време во функција.

Во поглед на горењето на гробните јами размислувањата се дека се работи за ритуал на прочистување – лустрација или пак дека горењето е од практични причини, со цел да се зајакнат ѕидовите на гробната јама (Јовановић 2009). Траги од горење на гробните јами се евидентирани во Гробот 1 и Гробот 4, со тоа што во Гробот 4 запечено е само дното на гробната јама, додека на ѕидовите нема траги, па консеквентно не би можело со сигурност да се потврди дали и овдека станува збор за ритуално прочистување или пак трагите се од остатоците од кладата коишто биле пренесени во гробната јама. Самиот чин на лустрација, односно ритуално прочистување на гробната јама се врзува за локалните традиции (Korač, Golubovič 2009), но сепак не би можеле да се извлечат некои посериозни претпоставки во поглед на етничката провениенција на самиот ритуал. Она што остава впечаток на самата некропола е рачно работената керамика со којашто се збогатува сликата за овој вид на некрополи коишто се карактеристични по тоа што се лоцирани на високи позиции од минимум 500 м надморска висина, а пак нивната концентрација е особено голема на потегот на целата источна гранична линија на нашата земја. Присутството на рачно работена керамика би можело да се толкува како одраз на потребата на локалното население, кај кое процесот на романизација веќе има земено замав, да си го задржи сопствениот културен идентитет и традиција (Aldhouse-Green 2004), особено ако се земе предвид дека се работи за една поконзервативна средина којашто функционирала далеку од цивилизациските текови на поголемите урбани центри.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Ангеловски, Б.; Манаскова, М.; Стојанова, Б., 2021. Римските Погребувања со Кремација на Локалитетот Коколов Рид – Виничка Кршла, Балканославика, 48/49, 25 – 39.

Aldhouse –Green M., 2004. An Archaeology of images, Iconology and cosmology in Iron Age and Roman Europe, Routledge, London and New York.

Cocis, S., 2004. Fibulele din Dacia romana (The Brooches from Roman Dacia), Cluj – Napoca

Floca, O., 1936 – 1940. CERCETĂRI ARHEOLOGICE IN MUNŢII ZLATNEI, PE DEALUL BOTEŞ ŞI CORABIA, Raport înaintat Comisiunii Monumentelor Istorice, secţia pentru Transilvania, Cluj, Anuarul Instituti de studii clasice III. Universitatea Din Cluj „Regele Ferdinand", Sibiu.

Garašanin, M., 1968. Razmatranja o Nekropolama Mala Kopašnica – Sase, GCBI, KnjigaVI, Sarajevo, 5 – 34.

Golubović, S., 1998. Graves of the Mala Kopašnica-Sase Type at the Viminacium Cemetery from an Aspect of their Ethnic Origin, *The Thracian World at the Crossroads of Civilizations* II, Bucharest, 247–260.

Jovanovič, A., 1978. Nakit u Rimskoj Dardaniji, Beograd.

Јовановић, А., 1984. , Римске некрополе на територији Југославије, Београд 1984.

Korać, M.; S. Golubović, S., 2009. Viminacium Više Grobalja 2, Beograd.

Митревски, Д., 1997. Протоисториски заедници во Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата – Скопје.

Музеј Теракота, 2009. Каталог, некропола Гробана III – IV век.

Нацев, Т., 2013. Антиката во Брегалничкиот Базен, НУЗЗКН и Музеј, Штип.

Petkovič, S., 2010. Rimske Fibule u Srbiji od I do V veka, n.e., Beograd

Sekulov, V. – Jovanov, M., 2007. Graves with Round Stone Wreaths from the roman Imperial Period in Eastern Macedonia, Acta Terrae Septemcastrensis, VI, 1, Sibiu, 121 – 140.

Tanevska, V., Kuzmanovski I., Grupče, O., 2007. DETERMINATION OF THE PROVENANCE OF VINICA TERRA COTTA ICONS USING SUPPORT VECTOR MACHINES, Annali di Chimica by Società Chimica Italiana.

Wells, C., 1960. *A Study of Cremation,* Antiquity, XXIV, London, 29 - 37.